РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-115/1
28.01 2025 год.
ПРОБИШТИП

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр 1
Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47
www.probistip.gov.mk
е-пошта: info@probistip.gov.

Врз основа на член 30 став 1, 3 и 5, член 48 став 4 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.259.24), Секретарот на Општина Пробиштип објавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025

### за унапредување на административни службенци

Општина Пробиштип објавува интерен оглас за унапредување на 2 (двајца) административени службеници на следните работни места:

**1.УПР 01 01 В01 000 Советник за буџет и буџетска контрола во Одделението за финансиски прашања - 1 (еден) извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен –Научно истражувачко подрачје: Општествени науки, Научно поле: Други општествени науки (Меѓународна екоономија)
- најмалку три години работно искуство во струката

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

- Работни денови – од понеделник до петок
- Работни часови неделно – 40 часа
- Работно време од 07:30 до 15:30

**Паричен нето износ на плата 37.000,00 денари**

**2.УПР 01 01 В01 000 Советник за ЛЕР, координација и техничка поддршка во Одделението за Локален економски развој и заштита на животната средина- 1 (еден) извршител**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен –Високо образование
- најмалку три години работно искуство во струката

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- финансиско управување

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

- Работни денови – од понеделник до петок
- Работни часови неделно – 40 часа
- Работно време од 07:30 до 15:30

**Паричен нето износ на плата 37.000,00 денари**

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Општина Пробиштип, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветно ниво со Законот за административни службеници и со Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип , како и:

- Да е оценет со оцена "А" или "Б" при последното оценување
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на веб страната на Општина Пробиштип и веб страната на Агенцијата за администрација.

Заинтересираниот административен службеник се пријавува на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата да ја достави до Општина Пробиштип преку Архивата на Општина Пробиштип, како и до службената e-mail адреса на Општина Пробиштип info@probistip.gov.mk

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази

- Потврди за успешно реализирани обуки и/или
- Потврди за успешно реализирано менторство

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава нема да биде разгледана.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Изготвил, Јованка Данева

Општина Пробиштип
Секретар
Билјана Ефтимова

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП

**ДО**
**Општина Пробиштип**

**ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ**
**Интерен оглас бр.01/2025**

1. **Податоци за огласот:**
- Број на интерниот оглас ____________________
- Реден број на работното место за кое се пријавува ____________________

2. **Лични податоци за кандидатот:**
- Име ____________________
- Презиме ____________________
- Вработен во Одделение ____________________
- Контакт телефон ____________________

3. **Податоци за исполнување на посебните услови:**
- Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС,
  IV, VI, VII/1, VA 60-120кр., VI А-240 кр., VI Б-180 кр.
  Вид на образование:
- Образование институција ____________________
- Насока ____________________
- Датум и број на диплома ____________________
- Податоци за работно искуство __________ години, __________ месеци

4. **Податоци за оценување во последната година пред објавување на интерниот оглас:**____________________

5. **Податоци за изречена дисциплинска мерка 1 година пред објавување на интерниот оглас** ____________________

6. **Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас** ____________________
____________________

7. ПРИЛОЗИ:
--------------------------------------------------
--------------------------------------------------
--------------------------------------------------
--------------------------------------------------
--------------------------------------------------
--------------------------------------------------
--------------------------------------------------
--------------------------------------------------

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во образец за пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ке достави докази, во оргинал или копија заверена кај нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

ДАТУМ: ______________________ ПОДНОСИТЕЛ НА ПРИЈАВАТА: ______________________